# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **14.06.2017 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 6 – 2017 год.** |

ЈУНИ 2017

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр. 05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на општина Македонски Брод“ бр. 2/03, а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година („Сл.Гласник на општина Македонски Брод“ бр.14/16), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 08.06.2017 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод**

**за дочек на гости од збратимениот град Пордим од Р.Бугарија**

1.Се одобруваат финансиски средства во висина од 120.000,00 МКД за организирање на дочек на гостите од збратимениот град Пордим Р.Бугарија. Средствата ќе бидат наменети за сместување, храна и обезбедување на беџови за гостите и учесниците од општината и Советот на општина Македонски Брод.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 437/3/4**

**08.06.2017 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за дочек на гости од збратимениот град Пордим од Р.Бугарија**

Се прогласува **Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за дочек на гости од збратимениот град Пордим од Р.Бугарија,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.06.2017 година

**Бр.08- 437 /4**
**14.06.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр. 05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на општина Македонски Брод“ бр. 2/03, а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година („Сл.Гласник на општина Македонски Брод бр.14/16), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 08.06.2017 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод**

**за поетска манифестацијата „Потписи на срцето“ која ќе се одржи на**

**ден 09 јуни 2017 година**

1.Се одобруваат финансиски средства во висина од 10.000,00 МКД како подршка на организираната поетска манифестација „Потписи на срцето“ која ќе се одржи на плоштадот на ден 09 јуни 2017 година на која ќе учествуваат поети од многу градови од Република Македонија. Покровител на манифестацијата за медиумски пренос на истата ќе биде Македонската радио телевизија.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат за организирање на ручек за учесниците, а ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 437/3/5**

**08.06.2017 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за поетска манифестација „Потписи на срцето“ која ќе се одржи на ден 09 јуни 2017 година**

Се прогласува **Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за поетска манифестација „Потписи на срцето“ која ќе се одржи на ден 09 јуни 2017 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.06.2017 година

**Бр.08- 437 /4**
**14.06.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на општина Македонски Брод“ бр.02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.06.2017 година донесе

# З А К Л У Ч О К

**за задолжување на ЈКП Комунална Хигиена за чистење на теренот околу пешачка патека пештера Пешна**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.06.2017 година донесе заклучок за задолжување на ЈКП Комунална хигиена за чистење и израмнување на теренот околу пешачката патека кај пештера Пешна и отстранување на исечени гранки поради дочек на гостите од збратимениот град Пордим од Република Бугарија и редовно тековно одржување на истата.Оваа активност задолжително да се реализира до денот на пристигнување на гостите а тоа е 09 јуни 2017 година.

**Член 2**

Со заклучокот да се задолжи ЈКП Комунална Хигиена заради понатамошна постапка и воедно лично да се запознае и директорот на ЈКП и да ја превземе обврската бидејќи одлуката е од итен карактер.

**Член 3**

Овој Заклчуок влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 437/3/6**
**08.06.2017 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

**Службен гласник број 6 од 14.06.2017 година на Совет на општина Македонски Брод**

## С О Д Р Ж И Н А


Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за дочек на гости од збратимениот град Подрим од Р.Бугарија ........................................................................................ стр. 2

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за дочек на гости од збратимениот град Подрим од Р.Бугарија ........................ стр. 3

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за поетска манифестација „Потписи на срцето“ која ќе се одржи на ден 09 јуни 2017 година ........................ стр. 4

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за поетска манифестација „Потписи на срцето“ која ќе се одржи на ден 09 јуни 2017 година ............................................................................................................................. стр. 5

Заклучок за задолжување на ЈКП Комунална хигиена за чистење на теренот околу пешачка патека пештера Пешна ...................................................................................................................... стр. 6